## ПРЕГЛЕД НА БРОЈНА СОСТОЈБА НА НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ И ПОЛ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021



## Професионална ориентација на учениците

Секоја година согласно Законот за основно образование педагошко психолошката служба прави план за професионално ориентирање на учениците од деветто одделение.

| | **Активности** | **Цели** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/форми докази/методи** | **Следење повратна информација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Посета ,онлајн презентации од средните училишта и посета на саеми | Информирање за можностите и изборите кои им стојат на располагање | Мај | Педагог<br>Психолог<br>Надворешни соработници | Презентација<br>Разговор со ученици<br>Информативни материјали | Здобиени сознанија за организацијата на средните училишта |
| | Интервју со секој ученик поединечно ( со соработниците од бирото за вработување) | Известување за резултатите од тестирањето и разговор за правилно насочување | Мај | Надворешни соработници | Интервју со ученици | Информираност на учениците за нивните интереси и можности во одредени струки |
| | Информирање за конкурсот за упис во средно училиште | Соодветна припрема за упис во седно училиште | мај | Педагог<br>Психолог | Известување<br>Конкурс за упис во средно училиште | Навремено информирани ученици |

## Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

### Превентивни програми

Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето ќе се реализираат следниве програми:

- Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште;
- Програма за грижа за здравјето на учениците;
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди.

Програмите ќе бидат дадени како анекси на Годишната програма за работа на училиштето.

| Активности | Учесници | Реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Формирање на тим за заштита на учениците од насилство, злоупотрба и запоставување . | Директор | Август 2021 | Во училиштето се фомира тим за заштита на учениците од насилство, злоставување и запоставување во воспитно образовните установи . |
| Реализација на програмата за превенција на насилно однесување. | ТИМ<br>Стручна служба | Континуирано во текот на учебната година | Запознати се сите субјекти во училиштето со програмата што ќе се реализира во текот на учебната година. |
| Работилница со ученици од VII одд. за справување со социјален притисок | стручна служба | Октомври | Учениците да се стекнат со вештини за справување со социјален притисок. |
| Анкетирање на учениците за видови насилство во училиштето. | Тим ,<br>стручни соработници | Октомври | Добивање на информација за присуство на насилно однесување во училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со протоколите за работа од областа на заштита на деца | стручна служба | Ноември | воспоставување на успешна мрежа за превенција и заштита на учениците кои се соочуваат со ваков проблем. |
| Идентификување и следење на ученици со ризично однесување и превземање на соодветни активности. | Одделенски раководители,<br>тим за заштита на учениците од насилно однесување,<br>стручни соработници | Континуирано | Водење на редовна евиденција за случаи на насилно однесуање..<br>Спречување на насилно однесување. |
| Информирање на учениците и наставниците за правилата на однесување и куќниот ред во училиштето и последиците од непочитување на истите. | Одделенски раководители педагошко психолошка служба | Во текот на првите две недели во септември | Учениците и родителите се запознати со правилата на однесување во училиштето и безбедносните услови во него. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање и истакнување на распоред за дежурни наставници во кнцеларија и огласната табла во ходникот. | Директорот во соработка со тимот | На почетокот на учебната година | Наставниците го знаат распоредот и своите обврски во врска со дежурствата. |
| Спроведување на превентивни активности со цел да се развијат позитивни ставови и вредности во меѓусебната комуникација.<br><br>Поттикнување и негување на културните и верските различности во рамките на наставните активности. | Наставници, одделенски раководители и стручните соработници | Континуирано во текот на учебната година | Наставниците го поттикнуваат и промовираат ненасилното комуницирање помеѓу учениците.<br>Учениците ги прошируваат своите знаења за културното живеење и почитување на различностите.<br>Учениците се запознати со Протоколот во случај да се појави насилно однесување во училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| На одделенски часови ќе се реализираат содржини посветени на асертивна комуникација и заштита на учениците од насилство. | Одделенски раководители , стручни соработници | Во текот на учебната година | Очекуваните исходи се наведуваат конкретно кај секоја работилница што ќе се реалзира. |
| Советување и едкација на ученици кои насилно се однесуваат. | Стручни соработници, Одделенки раководители, родители | Континуирано | Изнаоѓање на причините за агресивното однесување и спречување на насилното однесување. |
| Подршка на учениците врз кои се извршило насилство. | Стручни соработници, одделенски раководители | Континуирано | Заштита и подршка на учениците кои претрпеле насилство. |
| Едукација и советување на родители за градење на квалитетен однос со нивните деца, компетентно родителство, соработка на родителите и училиштето. | Стручни соработници, директор, одделенски раководители | Континуирано | Спречување на насилно однесување. |
| Соработка со институции и органиации (центар за социјална работа, МВР, ЈЗУ, невладини организации) и организирање на трибини за ученици и родители. | Директор, тим, стручни соработници | Континуирано | Градење на клима на соживот и препознавање на сите видови на насилство. |

## 16. Оценување

### Видови на оценување и календар на оценување

Оценувањето како составен дел од воспитно – образовната работа во училиштето во учебната 2021/2022 година ќе се реализира согласно Законот за основно образование.

Постигањата на учениците ќе се оценуваат описно и бројчано, континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четирите класификациони периоди.

Во првиот период (прво, второ и трето одделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети ќе се оценуваат описно. На крајот од учебната година учениците ќе добијат свидетелство со описна оценка.

Во вториот период (четврто, петто и шесто одделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети ќе се оценуваат описно и бројчано. На крајот од првото, третото тромесечие и прво полугодие учениците ќе добијат евидентен лист за успехот со описни оценки, а на крајот од учебната година свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот период (седмо, осмо и деветто одделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети ќе се оценуваат бројчано. На крајот од првото и третото тромесечие и на крајот од првото полугодие учениците ќе добијат евидентен лист со бројчани оценки, а на крајот од учебнта година свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Општиот успех на учениците ќе се утврди врз основа на годишните оценки по сите наставни предмети според наставниот план на крајот на учебнта година, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на испитите.

Оценувањето на учениците во текот на учебната година ќе се реализира според стандарди пропишани од МОН и БРО.

Секој наставник изработува планирање на оценувањето кое е составен дел од годишните, тематските и дневните планирања на наставникот.

Во рамките на планирањето на оценувањето се предвидуваат методите, техниките и инструменитете кои се користат за оценување. Наставниците ја определуваат и временската рамка на оценувањето во дневникот на паралелката во делот за планирање на писменото проверување на учениците.

Во текот на учебната година се реализираат дијагностичко оценување ( за утврдување на иницијалната состојба), формативно оценување (во текот на годината) и сумативно оценување (при фомирање на оценката). Наставниците водат и портфолија за учениците со цел континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците и формирање на објективна оценка на ученикот. Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги извести родителите на учениците најмалку два пати во секое полугодие, односно најмалку четири пати во текот на учебната година. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.

Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишна оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до Наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.
За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето. Оценката на комисијата е конечна.

Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението. Ученикот кој не успеал да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година како последица на подолго отсуство од наставата поради болест, преселување и други оправдани причини по предлог на родителот или по предлог на одделенскиот раководител, а во согласност со родителот може да остане во истото одделение за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето. Ученикот кој што на крајот од наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка по два предмети се упатува на поправен испит. За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно да организира дополнителна настава во јуни. Ученикот кој по одржаната дополнителна настава не постигнал позитивен успех, се упатува на поправен испит. Поправните испити ученикот ги полага во јуни и август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение. Ученикот кој поради болест или поради оправдани и неоправдани причини не ја посетува наставата најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети и нема елементи за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план.

Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува. Ученик од прво до трето одделение, по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните соработници на училиштето и согласност на родителот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет. Ученик од четврто до деветто одделение, по предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на Наставничкиот совет и согласност на родителот може забрзано да напредува, за што одлука донесува Наставничкиот совет.

Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува без полагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно во третиот период полага испити за побрзо напредување. Основното училиште има обврска да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети за ученикот кој побрзо напредува.

## Тим за следење, анализа и подршка

Тимот за следење, анализа и подршка има за цел унапредување на процесот на следење, проверување и оценување, што треба да резултира со постигнување на поголем квалитет на целокупниот воспитно – образовен процес. Во текот на учебната 2021/2022 година истиот ќе работи на следниве цели:

- Имплементирање  и примена на стандардите за оценување и нивно усогласување на почетокот од учената година во планирањата и програмите за работа;
- Обезбедување на континуитет во оценувањето на успехот на учениците во текот на учебната година;
- Изработка на инструменти за оценување на ниво на стручни активи;
- Создавање на база на податоци за следење и оценување во текот на учебната година.

| Задача | Цели | Активности | Реализатори | Целна група | Ресурси | Инструменти | Следење на повратна информација | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементирање и примена на стандардите за оценување и нивно усогласување на почетокот од учебната година во планирањата и програмите за работа | Подршка на планирање на оценувањето на учениците во планирањата на наставниците | Активности на ниво на стручни активи и одделе-нски совети за имплементирање на стандардите за оценување во планирањата на наставниците | Тим за следење, анализа и подршка дирек - тор, стручни соработници, претседатели на стручни активи | Наставници, совет на родители, училишен одбор | Закон за основно образование, прописи, правилници и други документи од МОН, БРО | Извешатј за успехот и постигањата на учениците во учебнта 2021-2022година. програма за планирање на училишното оценување | Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците, извештаи од стручни органи во училиштето | август – септември 2021 година |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување на континуитет во оценувањето на успехот на учениците во текот на учебната година | Обезбедување на квалитет во следењето, проверувањето и оценувањето на учениците | 1. Активности за планирање на оценувањето 2. Активности за обезбедување континуитет во оценувањето 3. Водење на професионално наставничко портфолио | 1.Тим за следење, анализа и подршка, директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи 2.Тим за следење, анализа и подршка, директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, наставни | Наставници од предметна и одделенска настава | Материјали од МОН, БРО и други обучувачи, прирачници и стручна литература | 1.Инструменти за следење на успехот на учениците: чек листи, евидентни листи, аналитички листи, бодовни листи и сл. 2.1.Инструменти за следење на успехот на учениците: чек листи, евидентни листи, | Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците, извештаи од стручни органи во училиштето, портфолиа на учениците, наставнички професиоанлни досиеја, педагошка евидентација и документација | август 2021– јуни 2022 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ци<br>3. Тим за следење, анализа и подршка, директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, наставници | | | аналитички листи, бодовни листи и сл.<br>3. Листа за набљудување на час, формулар за евалуација на наставничко портфолио | | |
| Изработка на инструменти за оценување на ниво на стручни активи | Обезбедување на квалитет во следењето, проверувањето и оценувањето на учениците | Активности на ниво на стручни активи | Наставници од предмет на и одделенска настава | Наставници од предметна и одделенска настава | Материјали од МОН, БРО и други обучувачи, прирачници и стручна литература | Инструменти за следење на успехот на учениците: чек листи, евидентни листи, аналитички | Портфолиа на учениците, наставнички професиоанлни досиеа | август 2021– јуни 2022 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | листи, бодовни листи и сл. | | |
| Создавање на база на податоци за следење и оценување во текот на учебнат година | Систематско и организирано прибирање на податоци за унапредување на процесот на оценување | Активности на ниво на одделе-нски и наставн-ички совети | Тим за следење, анализа и подршк директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи | Ученици од одделнска и предметна настава | Материјали од МОН, БРО и други обучувачи, прирачници и стручна литература | Инструменти за следење на успехот на учениците: чек листи, евидентни листи, аналитички листи, бодовни листи и сл. | Портфолиа на учениците, наставнички професионални досиеа | август 2021– јуни 2022 |

## Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

За поголема ефикасност во воспитно- образовниот процес, како и поуспешна реализација на планирањата на воспитно образовниот кадар континуирано во текот на учебната година се прават стручни посети на часовите со цел:

- подобрување на наставата;
- подобрување на успехот на учениците;
- воведување иновации во истата;
- превземање соодветен пристап кон индивидуалните потреби на учениците;
- демонстрација на современи форми и организација на наставата и учењето, методи и средства за работа;
- упатување на наставниците како да ги користат резултатите од самоевалуацијата за подобрување на наставата и сл.

За остварување на погоре наведените цели од страна на педагошко психолошката служба се прави посебна програма и распоред за посета на часовите во текот на учебната година.

## Самоевалвација на училиштето

Во месец мај 2021 година во училиштето се спроведе самоевалвација по долу наведените области со цел стекнување најреална слика за квалитетот на наставата и целокупната работа на училиштето :

1. Наставни планови и програми;
2. Воннаставни активности;
3. Учење и настава;
4. Поддршка на учениците;
5. Училишна клима;
6. Ресурси;
7. Постигања на учениците;
8. Раководење и креирање политика.

## 17. Безбедност во училиштето

Нашето училиште има изготвено ***План за заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи.*** Со овој план се врши проценка на можни опасности во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи, примена на конкретни мерки за заштита и спасување,согласно расположливите сили за спасување на учениците, вработените и материјалните добра и отстранување на последиците. Во текот на првото и второто полугодие од учебната 2021/2022 год. ќе се реализираат две симулации за спасување од пожар. Како прилог кон Годишната програма е доставен “План за заштита и спасување од елементарни непогоди.“

**Социјална заштита на учениците**

За ранливата група ученици се реализираат следните активности за кои се подготвени Планови и програми:

- Помош на ученици кои подолго време отсуствуваат поради болест или повреда;
- Помош на ученици со тешка социо-економска состојба;
- Организирање превоз за учениците од подрачните училишта;
- Помош на новодојдените ученици за адаптирање во новата средина;
- Колективно осигурување на учениците и вработените во училиштето.

## 18. Грижа за здравјето

### Хигиена во училиштето

Хигиената во Основното училиштето ја одржуваат 6 хигиеничари и 4 хигиеничари во Подрачните училишта ,кои имаат за цел - обезбедување на здрави хигиенски услови во училиштето (чисти, проветрени и светли кабинети и училници) и редовна дезинфекција и дератизација на просториите во училиштето.Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а и сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите.Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Во тоалетите редовно има тоалетна хартија и течен сапун.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два -три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува .Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.Еднаш месечно се чистат, бришат , полираат дрвените и стаклените површини, врати , прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

### Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кои опфаќат: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до Vодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите од одделенскиот раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. При запишувањето на децата во прво одделение

задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи за детето како услов за запишување. - Сите вработени еднаш годишно мора да појдат на систематски преглед и бактериолошки испитување.

## Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши  во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за TBC .

По добиените резултати од проверката следи вакцина. - VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина. При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување.

## Едукација за здрава исхрана

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници:,,Здрава храна за детство без мана“, „Умерена и разновидна исхрана “, „Колку сме „слатки“ ако јадеме слатки “, „Со брза храна станав спор“. Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана.

## 19. Училишна клима

### Дисциплина

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште наоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. За тоа училиштето има утврдена програма и план за подобрување на училишната дисциплина со цел да се создаде училишна клима во која се:

- Учи, развива, негува и поттикнува култура на однесување и почитување на личноста;
- Не се толерира насилство;
- Не се затајува насилство и се превземаат соодветни мерки;
- Се развива одговорност и културно однесување кон сите;
- Се почитуваат правилата на однесување во училиштето од страна на учениците, наставниците, родителите, административниот и помошниот персонал (етички кодекс).

Цел на планот и програмата е унапредување на квалитетот на животот и работата на учениците со примена на мерки на превенција за создавање на безбедна средина за живот и работа

- Мерки на интервенција во ситуации кога се јавува несоодветно однесување занемарување, насилство и злоупотреба;
- Специфични цели на превенција се: создавање и негување на клима на почитување, толеранција и прифаќање;
- Подигање на нивото на свест и зголемување на чувствителноста на сите вклучени во животот и работата на училиштето за препознавање на несоодветно однесување, насилство, злоупотреба и занемарување;
- Дефинирање на постапки и процедури при несоодветно однесување, насилство, злоупотреба и занемарување;
- Информирање на сите вклучени во животот и работата на училиштето за постапките и процедурите;
- Унапредување на наставниот и воннаставниот персонал, учениците и родителите за воочување и решавање на проблемите кои се јавуваат при несоодветно однесување, насилство, злоупотреба и занемарување;

- Споведување на постапки и процедури на реагирање во ситуации на несоодветно однесување, насилство, злоупотреба и занемарување**;**
- Воспоставување на систем на ефикасна заштита на учениците при случаи на насилство;
- Ублажување и отклонување на последиците од насилничкото однесување и реинтеграција на ученикот во ученичката заедница и животот во училиштето;
- Советодавна работа со ученици кои трпат насилство, кои вршат насилство и кои се посматрачи на насилството;
- Задачи во областа на превенција;
- Запознавање на наставниците, родителите, учениците и вработените во училиштето со правните регулативи, општи и посебни ;
- Усогласување на постоечките подзаконски акти на институцијата;
- Изработка на Програма за заштита на ученици од насилство (превентивни и интервентни активности):
- Дефинирање на улогата и одговорностите при примена на процедури и постапки;
- Развивање и негување на различноста и култура на однесување во рамкита на воспитно-образовните активности;
- Организирање обука за ненасилна комунакација и конструктивно решавање на конфликти;
- Организирање разговори, трибини, претстави, изложби за безбедност и заштита на децата од насилство;
- Дефинирање на правила на однесување и последици од непочитување на правилата;
- Развивање на вештини на ефикасно реагирање во ситуации на насилно однесување;
- Вклучување на сите клучни носители во превенција на насилството (Совет на родители, Училишен одбор, Ученичка заедница, Одделенски совет, Наставнички совет);
- Задачи во областа на интервенција;
- Ускладување и доследна примена на утврдените постапки и процедури во ситуации на насилничко однесување;
- Соработка со релевантни служби;
- Континуирано евидентирање на ситуации на насилничко однесување;
- Пратење и вреднување на видот и зачестеноста на насилничкото однесување по пат на истражување, запазување и проверување;
- Поддршка на децата кои трпат насилство;
- Работа со децата кои вршат насилство;
- Охрабрување на децата кои се посматрачи на насилство за конструктивно делување;
- Советодавна работа со родителите.

Со цел за континуирано следење на однесувањето на учениците и одржување на редот и дисциплината за време на одморите, во училиштето се одредуваат дежурни наставници според следниов распоред (можни се промени во зависност од распоредот на наставниците кои имаат работни обврски во други училишта ).

**Распоред на дежурни наставници**

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **Спрат** | Мери Кушевска<br>Робертина Герасовска-Петровска | Моника Кузевска<br>Весна Атанасовска | Анета Груевска<br>Марика Кожовска | Слободан Ристевски<br>Нели Панова | Никола Чаловски<br>Игор Наумовски |
| **Приземје** | Лилјана Николовска<br>Тања Николовска | Јани Апостоловски<br>Јасмина Стојановска | Ирена Николовска<br>Лидија Поповска | Васка Белокозовска<br>Гордана Котевски<br>Вера Стојановска | Цветанка Љамчевска<br>Лидија Чавдаровска |
| **Училишен двор** | Михајло Христовски | Николина Врџовска | Милена Дестановиќ | Мирјана Пачовска | Татјана Трајковска |

***Во согласност со распоредот на часови овој распоред може да претрпи измени.**

## Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес.
За таа цел предвидени се следниве активности:

| Активност | Време на реализација | Носители на активноста |
|---|---|---|
| Обновување на содржините на паноата и ѕидовите во училишните ходници. | IX,XII,III,IV,V | Наставник по ликовно образование и ученици членови на секции, одделенски раководители |
| Обновување на содржините на паноата и ѕидовите во училниците. | Континуирано | Одделенски раководител и ученици |
| Грижа за изгледот на наставничката канцеларија и работните простории на директорот и администрацијата. | Континуирано | Директор, педагошка служба и помошен персонал |
| Грижа за цвеќињата и зелените површини во училниците, училишните ходници и дворот. | Континуирано | Дежурни ученици и помошен персонал |
| Уредување на училишниот двор. | IX, III | Одговорен наставник со ученици од еко патроли и помошен персонал |

## Етички кодекси

Етичкиот кодекс содржи морални начела и професионална етика по која треба сите субјекти во ОУ „Д-р Трифун Пановски“ да се однесуваат.

Целта на кодексот е да ги промовира сите врадности на етичко однесување во училиштето: ученици, наставници, родители и други вработени.

Етичкиот кодекс содржи:

- Однос на ученикот кон другите ученици, наставници и други вработени во училиштето;
- Однос на ученикот кон работата и училиштето;
- Однос на ученикот кон родителите;
- Однос на наставниците и другите вработени во училиштето кон ученикот;
- Однос на наставниците и другите вработени во училиштето кон работата:
- Меѓусебен однос на наставниците и другите вработени во училиштето;
- Однос на наставниците и другите вработени кон родителите;
- Однос на родителите кон наставниците и останатите вработени во училиштето;
- Однос на ученикот кон другите ученици, наставници и останатите вработени во училиштето.

Учениците треба:

- Да воспостават правилен однос на меѓусебна соработка, почитување и толеранција;
- Да имаат културно однесување;
- Ненасилно да ги решаваат конфликтите;
- Меѓусебно да се помагаат и поттикнуваат.

## Односи кон сите структури во училиштето

### ОДНОС НА УЧЕНИКОТ КОН РАБОТАТА И УЧИЛИШТЕТО

Учениците треба:

- Да бидат одговорни во работата;
- Редовно да ги извршуваат училишните обврски;
- Да водат грижа за квалитетот и изгледот на својата работа;
- Активно да учествуваат во наставата и да ги развиваат своите способности;
- Да стекнуваат трајни знаења;
- Да градат позитивна училишна клима;
- Пристојно да се облекуваат;
- Да се грижат за училишниот имот и да го почитуваат туѓиот;
- Да го доживуваат училиштето како сопствен дом;
- Да се грижат за училишната околина.

### ОДНОС НА УЧЕНИКОТ КОН РОДИТЕЛИТЕ

Учениците треба:

-Да ги почитуваат родителите;
- Да ги примаат нивните совети;
- Да имаат отворена и искрена комуникација со родителите;
- Да им помагаат и да го ценат нивниот труд;
- Да учат и постигнуваат добри резултати;
- Да имаат културен и пристоен однос кон нив.

## ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ КОН УЧЕНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ТРЕБА:

- Да ја почитуваат личноста на ученикот;
- Да ги поттикнуваат детските права и хуманите вредности;
- Да ги заштитуваат личните податоци на учениците и нивната посебност;
- Подеднакво да се однесуваат кон сите ученици без оглед на нивните способности, социјален статус, и постигнати резултати во учењето;
- Да ги заштитат учениците од сите облици на: физичко, психичко и сексуално насилство, запуштеност, злоставување или злоупотреба.

## ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО КОН РАБОТАТА

Наставниците и другите вработени во училиштето треба:

- Да бидат одговорни, совесни, самокритични, праведни, чесни и искрени во работата;
- Во својата работа квалитетно да ги реализираат наставните планови и програми;
- Да го унапредуваат наставниот процес;
- Да бидат креативни и да применуваат современи наставни средства, форми, методи и техники во работата;
- Квалитетно да се подготвуваат за час;
- Активно стручно да се усовршуваат;
- Да ги поттикнуваат групната и тимската работа, проектните и истражувачките активности во наставата;
- Објективно да го оценуваат ученицте и да се придржуваат за законските одрфедби за вреднување на постигањата на учениците;
- Пристојно да се облекуваат;
- Да создаваат позитивна, пријатна и транспарентна училишна клима и пријатно место за престој и работа;

## МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Наставниците и останатите вработени во училиштето треба:

- Меѓусебно да се почитуваат лично и професионално;
- Да соработуваат и меѓусебно да си помагаат во работата, да разменуваат искуства и знаења и да ја унапредуваат работата во училиштето;
- Да бидат одговорни, праведни и несебични;
- Да го почитуваат и ценат туѓото мислење;
- Да имаат позитивен став кон колегите;
- Да градат свест кон училиштето како кон свој втор дом;
- Да го чувааат сопственото, како и на своите колеги, достоинство и авторитет пред учениците и родителите;
- Да ги чувааат професионалните информации;
- Да избегнува конфликти и недолично однесување кон своите колеги и другите вработени во училиштето.

## ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО КОН РОДИТЕЛИТЕ

Наставниците и другите вработени во училиштето треба:

- Да ги почитуваат родтелите на учениците;
- Да воспостават соработка и отворена комуникација;
- Да им даваат стручна помош во воспитувањето и образованието на нивните деца;
- Да градат партнерски однос со родителите и чуство на добредојденост;
- Да ги чуваат доверлите информации.

## ОДНОС НА РОДИТЕЛИТЕ КОН НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Родителите треба:

- Да ги почитуваат наставниците и останатите вработени во училиштето, професионално и лично;
- Да соработуваат и да ја потпомагаат работата на наставниците и учениците;
- Да ги извршуваат родителските обврски;
- Да учествуваат во слободните ученички активности и со својата професија да придонесат во работата на училиште

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### Детектирање на потребите и приоритетите

Во оваа учебна година, потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар, произлегуваат според детектираните состојби од самоевалуацијата на училиштето и интегралната евалуација, како и новините и насоките дадени од МОН. Тимот на наставници за професионален развој на образовниот кадар во Програмата за работа, приоритет ќе даде на професионалниот развој на наставниците, унапредување на наставата со вклучување на сите современи методи на работа, редовна дополнителна и додатна настава, интерно и екстерно стручно усовршување на наставниот кадар.

### Активности за професионален развој

За професионалниот развој на наставниот кадар како најуспешни се покажаа организираните обуки, семинари, состаноци кои можат да бидат екстерни, организирани од страна на институции и проекти или интерни организирани во нашето училиште. Посетувањето на обуките, размената на искуствата на самите обуки и потоа дисеминацијата и размена на мислења во училиштето и на крајот секако примена на стекнатите знаења, се показател за ефективен професионален развој на наставниот кадар.

### Личен професионален развој

Педагошко-психолошката служба во училиштето води професионално досие за секој наставник во кое ги запишува сите постигања за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Исто така изготвува Акционен план за професионалниот развој на наставниот кадар, согласно личните професионални планови кои ги изработуваат наставниците.

## ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОУ„ Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ – БИТОЛА

| РЕДЕН БРОЈ | КОМПЕТЕНЦИИ | АКТИВНОСТИ | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ | ЗАБЕЛЕШКИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Употреба на микробитот во наставата | Интерна обука и работилници од страна на наставниците кои посетуваа обука за користење на Микробитот во наставата. | Материјали од обуки<br><br>Стручна литература<br><br>Интернет | Во текот на учебната година | Запознавање на наставниците со предностите на микробитот во наставата<br>Примена на стратегии од страна на наставникот,<br>Различен пристап и поинаков начин на учење;<br>Споделување на професионални знаења меѓу наставниците, со цел ефикасно да се задоволат образовните потребите на наставниците и учениците за користење на микробитот | |
| 2 | Интернет насилство | Интерна обука и работилници од страна на стручната служба во училишето и наставник по информатика | Материјали од обуки<br><br>Стручна литература<br><br>Интернет | Во текот на учебната година | Запознавање на наставниците со интернет насилство и справување со истото | |

## Хоризонтално учење

Во однос на хоризонталното учење, во Нашето училиште се планираат разни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови, меѓутоа реализирањето на овие активности е тековно и по потреба, на пример ако некој наставник посети некој семинар во своја организација и сака да го сподели искуството од истиот со сите наствници, или со наставниците од неговиот стручен актив, се организира отворен час, истото тоа и за размена на професионално искуство. Тековно се организираат состаноци за размена на стекнатите искуства од некој семинар или некоја прочитана литература или посета во странство. Училиштето изготвува Акционен план и Извештаи за активностите од планот.

| Акционен план за хоризонтално учење | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Планирани активности** | **Носители на тие активности** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи** | **Начин на следење** | **Критериуми за успех** |
| **1** | **Организирање на отворени часови за наставници** | Наставници, педагошко-психолошка служба | Во текот на целата година | Професионално усовршување на наставниот кадар | Формулар за следење на активностите | Професионален развој |
| **2** | **Размена на професионално искуство** | Наставници од стручни активи | Во текот на целата година | Стекнување на разни искуства од колегите | Извештај од работата на стручниот актив | Стекнати искуства со цел усовршување на воспитно – образованиот процес |

### Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Наставниците и стручните соработници може да напредуваат кариерно и тоа покрај звањето наставник можат да напредуваат во звање наставник – ментор и наставник – советник. Од страна на стручните служби и директорот секогаш се редовно информирани за условите и начините за напредување во својот кариерен развој согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта кој го пропишува министерот за образование на предлог на Бирото и Испитниот центар за образование и наука.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во животот и работата на училиштето родителите се вклучени на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Во училиштето активно делува Советот на родители кој работи според претходно изготвена Програма за работа, но се вклучува и во решавање на актуелните проблеми и потреби на училиштето. Родителите се вклучуваат во целокупната работа на училиштето и имаат активна улога во работењето на Училишниот одбор. Училиштето ги вклучува родителите при организација и реализацијата на слободните ученички активности и другите вonнаставни активности како натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др. Секој заинтересиран родители има можност да даде придонес за подобрување на работата на училиштето преку давање идеи, сугестии, учество во работа на Совет на родители, училишна заедница, училишен одбор како и поддршка во реализација на активностите и проектите на училиштето.

## Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок, дисциплина, изостаноци и социјализација на нивното дете преку индивидуални средби со одделенскиот раководител, предметните наставници и стручната служба. Исто така училиштето ги информира семејствата за успехот на учениците преку општи родителски средби, телефонски и писмени контакти,онлајн состаноци, посета на семејството на ученикот (класен раководител, педагошка служба, директор). Во процесот на учење родителите даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со посебни образовни потреби, ја поддржуваат соработката за напредување на талентираните ученици( професионална и стручна помош од страна на родителите за истите) како и професионалната ориентација на учениците. Училиштето ги вклучува родителите при организација и реализацијата на слободните ученички активности и другите вонннаставни активности како натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.

## Едукација на родителите/старателите

За поголема вклученост на семејството во училиштето, се организираат едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури. Се организираат советодавно - консултативни работилници, индивидуални и групни, посета на семејства и др. Постојат многу начини и идеи за поголема вклученост на семејството во активностите на училиштето и се изработуваат информативни брошури во кои се наведени информации за плановите на училиштето во учебната година, приемни термини на наставниците, реализација на настава и вонннаставни активности, а во текот на годината информации за напредокот на учениците и реализирани активности на училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Нашето училиште има одлична комуникација со јавноста и сите негови активости се во правец на промоција на работата на училиштето .Во училиштето постои Тим на наставници за креирање и унапредување на училишната политика. Тимот работи врз сопствен Акционен план со дефинирана динамика на работа за тековната година.

Училиштето постојано планира и следи литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно историски споменици и музеи. Тоа има одлична соработка во областа на културата и традицијата со:

- Центарот за Култура Битола,
- Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- Завод и музеј ,Галерија – Битола.

Соработката се одвива преку следење тетарски претстави, детски филмови ,Детски музички фестивали , учество на изложби со ликовни творби, литературни читања, посета на Спомен - куќи и др.

Својата соработка училиштето ја остварува и преку:

- СВР – Битола;
  - Реализација на часови за безбедно учество во сообраќајот на учениците од почетните одделенија ;
  - Безбедност во сообраќајот -Детски семафор;
  - Предавање за превенција од дрога и алкохол.
- Црвен Крст – Битола;
  - Натпревар за прва помош
  - Учество во различни хуманитарни акции од собирен карактер.
- Народна техника.
  - Натпревари за млади техничари и природници
- Општински и регионални натпревари организирани од МОН во областа на математиката , природните науки, техниката и странски јазици .
- Меѓународен математички натпревар ,,Кенгур“.

Промоцијата на училиштето се врши преку новогодишниот и велигденски саем, Патрониот празник на училиштето, презентации во детски образовни емисии, учество со творби во училишен весник и веб страната на училиштето. Исто така за потребите на реализација на одредени наставни содржини училиштето соработува со органите на Локалната самоуправа, бизнис компании, учествува на собири и манифестации.

Во насока на поуспешно работење и рализирање на воспитно – образовниот процес училиштето соработува и со институциите од областа на образованието:

- Подрачна единица на МОН за основно образование на Општина Битола;
- Општински просветен инспекторат;
- Биро за развој на образованието;
- Министерство за Образование и Наука;
- Државен просветен инспекторат;
- Државен испитен центар.

За развивање на спортските таленти на учениците, училиштето соработува со останатите Основни училишта во градот и спортски клубови во градот.Во рамките на соработката со Основните училишта се организираат меѓучилишни спортски натпревари .

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците и наставниот кадар и соработува со следниве здравствени организации:

- Клиничка болница „Д – р Трифун Пановски“ – Битола;
- Центар за јавно здравје – Битола;
- Центар за социјални работи – Битола;
- Осигурителна компанија.

Промоцијата на училиштето се остварува преку печатени и електронски медиуми: (редакцијата на локален општински весник и соработка со локалните ТВ станици.

Нашето училиште за своја промоција има изработено и веб портал http://trifunpanovskibitola.wordpress.com/.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето

За успешна реализација на годишната програма за 2021/22 година најважно е нејзино што покомплетно имплементирање на сите погоре наведени поглавја, како би се реализирале зададените цели и задачи за подобра едукација и реализација на воспитно – образовниот процес.

Во нејзината имплементација влегуваат сите учесници во воспитно- образовниот процес односно: раководни лица, стручни служби, наставници, ученици ,родители и локалната заедница, кои преку најразлични инстументи на следење допринесуваат за нејзина што поуспешна реализација.

Училиштето има формирано и тим за следење на имплементацијата на годишната програма.

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето

За реализација на училишната програма училиштето планира следење и контрола на поставените цели и задачи преку разни инструменти за следење и тоа:

- состаноци на одделенските совети;
- состаноци на стручни активи,
- наставнички совети,
- родителски состаноци,
- состаноци со Совет на родители,
- состаноци со ученичкиот парламент и
- Училишниот одбор.

Добиените резултати ќе се поткрепуваат со извештаи,посета на часови,извештаи за воннаставниактивности,соработка со институции на ниво на општина и пошироко.

## 25. Заклучок

Годишната програма  и оваа учебна година е изработена  со цел да обезбеди поквалитетно образование согласно современите образовни политики каде ке имаме успешно и ефикасно стекнување на знаења и вештини кака и позитивна клима меѓу сите сегменти вклучени во образовниот процес, како и подобра комуникација  и разбирање помегу себе .

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на училиштето

Годишната програма за работа на училиштето ја изработија:

1. Директорот на Училиштето
2. Тимови на наставници во О.У. „Д-р Трифун Пановски” - Битола
3. Педагошко – Психолошка Служба
4. Секретар
5. Техничка Поддршка:Слободан Ристевски
6. Претставници  на ученички парламент

## 27. Користена литература

- Закон за основно образование 2019 год.;
- Правилник за формата и содржината за годишната програма на основните училишта;
- Норматив за стандардите за простор,опрема и наставни средства;
- Правилници од БРО  и МОН за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници во основно и средно образование;
- Развојна програма;
- Извештаи од самоевалвација;
- Статут на училиштето и сл.

Директор

/Пецо Димовски/

15.08.2021 година, Битола М.П.

Претседател на У.О

/Миле Пајаковски/